Бр./Nr 12-3695/4
17.02 г./v 21

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по доставена пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 46-тата седница одржана на ден 12.02.2021 година, ја донесе следнава

## Одлука

Постапката по предметот број 12-3695/1 од 26.10.2020 година, оформен по доставена пријава од подносителот Политичка партија ВМРО-ДПМНЕ **СЕ ЗАПИРА.**

Наводите изнесени во пријавата дека доделувањето на концесии на фирми - правни лица во сопственост на блиски лица, во крвно сродство од прва и втора линија, на Претседателот на Влада на Република Северна Македонија се должи на коруптивни активности кои произлегуваат од состојба на судир на интереси, **НЕ СЕ ПОТВРДЕНИ**.

Предметот со број 12-3695 од 26.10.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## Образложение

Во доставената пријава наведени се елементи за постоење на состојба на корупција која произлегува од судир на интереси на премиерот Зоран Заев при донесување на одлуки од страна на Влада на РСМ за доделување концесии за експлоатација на минерални суровини на „ДГИ Тотал Инженеринг Струмица ДООЕЛ" и „АД Индустрија за градежни материјали Еленица Струмица" фирми кои се во сопственост на блиски лица на Претседателот на владата на РСМ: брат и братучед. Во пријавата е наведено дека иако формално-правно одлуките се потпишани од заменици на претседателот на Владата и без оглед на фактот дали Зоран Заев бил присутен или не на седници на Влада кога се донесувале одлуките за предметните концесии, останува фактот дека концесиите се доделени на „ДГИ Тотал Инженеринг Струмица ДООЕЛ" и „АД Индустрија за градежни материјали Еленица Струмица". Исто така е наведено дека без оглед на фактот дали Зоран Заев бил присутен или не на седници на Влада кога се донесувале наведените одлуки, останува фактот дека членовите на Владата што гласале се избрани од него како мандатар и бидејќи може да побара нивно разрешување, нивното гласање може да се толкува како задоволување на неговите желби како надреден.

Заради утврдување на состојбата дали при гласањето на одлуките за доделување на концесиите кај членовите на Владата постоело влијание од страна на Претседателот, односно извршил злоупотреба на својата функција, ДКСК оформи два предмети: предмет број 12-3695/1 за утврдување дали Одлуките се донесени поради злоупотреба на својата функција и постојат коруптивни елементи и предмет број 09-3663/1 за утврдување дали Претседателот како службено лице внимавал и избегнал состојба на судир на интереси при донесување на одлуките. За утврдување на состојбите, ДКСК достави барање до Министерството за

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

економија за доставување на целокупната документација која се однесува на доделувањето на концесии на овие фирми и ги утврди следниве состојби:

1. Доделувањето на концесии за експлоатација на минерали и сурови се врши согласно Законот за минерални суровини – ЗМС (Сл. весник на РМ 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19).Со ЗМС е дефинирано дека правото за експлоатација на минерални суровини се стекнува со добивање на концесија; право на добивање на концесија има секое правно лице запишано во ЦРРСМ кои ги исполнуваат условите; **концесија за експлоатација доделува Влада на РСМ;** концесијата за експлоатација се доделува за период до 30 години, со можност за продолжување. Концесијата за експлоатација на минерални суровини се доделува врз основа на јавен повик (кога сопственик на резултатите од извршените детални геолошки истражувања е Република Македонија, или кога на определениот простор престанала да важи концесијата за експлоатација, а кога на просторот се преостанати доволно рудни експлоатабилни резерви на минерални суровини или кога е утврден вишок на не експлоатирани количини), и врз основа на **барање од сопственикот** на резултатите од извршените детални геолошки истражувања.
2. Одлуките за доделување на концесија, наведени во пријавата, се врз основа на барање од – сопственик на резултати на извршени геолошки истражувања кои пак се доделуваат на начин уреден со членовите од 9 до 35. Имено, право за вршење на детални геолошки истражувања се стекнува со добивање на концесија за детални геолошки истражувања. Право за добивање на концесија за детални геолошки истражувања има секое правно лице, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија, а кои ги исполнуваат условите пропишани со ЗМС и друг закон. **Концесија за детални геолошки истражувања се доделува врз основа на јавен повик со електронска аукција** под услови и на начин утврден со одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство -ЗКЈПП (Сл. весник на РМ 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и Сл. весник на РСМ 153/19 и 261/19).Постапката за доделување концесија за детални геолошки истражувања започнува со поднесување на иницијатива до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини- Министерство за економија. Доколку МЕ не ја одбие поднесената иницијатива (некомплетни податоци, неисполнување на услови и сл.) во рок од осум дена е должен да изврши увид на локалитетот за што се составува записник. МЕ по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, другите органи на државната управа надлежни за работите од соодветната област како и од единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесена иницијативата за вршење на детални геолошки истражувања, кои во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето се должни да го дадат своето мислење. По добивање на потребните мислења, МЕ во рок од 15 дена до Владата на РМ доставува **образложен предлог и одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања**. Владата донесува одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања **по пат на јавен повик** која постапка ја спроведува **Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија** за детални геолошки истражувања. Комисијата на предлог на Министерството за економија ја формира Владата на РСМ и се состои од претседател и најмалку четири члена и нивни заменици од областа на економијата, правото и технички науки и други релевантни области (зависно од областа). Комисијата ја подготвува тендерска документација, со нацрт на договорот, ги определува критериумите за доделување на договорот, ги прима пријавите за учество и понудите, ја утврдува способноста на кандидатите и определува кандидати кои имаат право да го продолжат учеството во постапката, ја утврдува способноста на понудувачите, ги разгледува и оценува понудите и врши рангирање на понудувачите, ја спроведува електронската аукција

преку E-koncesii.mk, изготвува записник за јавното наддавање и извештај за евалуација на понудите со предлог за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката. На предлог на МЕ, одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања ја донесува Владата на РСМ и истата се објавува во службен весник. Врз основа на донесената и објавена одлука, МЕ во име на Владата потпишува договор за детални геолошки истражувања со избраниот концесионер.

3. **Имателот на резултатите на деталните геолошки истражувања** може да достави барање до МЕ за доделување концесија за експлоатација на минерални суровини по завршување на испитувањата или најдоцна 120 дена по истекот на рокот за вршење испитувања. По приемот на барањето и потребните документи од имателот на резултатите на деталните геолошки истражувања, **МЕ до Влада на РМ доставува предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини.** Начинот на доделување, одлучување, склучување на договор, пренос и други права за експлоатација на минерални суровини е уреден со членовите од 40 до 53 од ЗМС. Одлуката за доделување на концесија за експлоатација ја донесува Владата на РСМ и истата се објавува во службен весник, а врз основа на донесената и објавена одлука, МЕ во име на Владата потпишува договор за концесија за експлоатација на минерални суровини. Рокот за експлоатација согласно член 39 е 30 години.

**Концесија за експлоатација на минерални суровини- глина на „ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица" на локалитет с. Дукатино – општина Василево - Одлука на Влада на РСМ број 44-3499/1 од 24.04.2018 — потпишан прв заменик претседател на Влада на РСМ Оливер Спасовски**

Постапката за добивање на оваа концесија е започната во 2012 година со доставување Иницијатива за детални геолошки истражувања на туларска глина на локалитет во с. Дукатино – Струмица од АД индустрија за градежни материјали Еленица Струмица доставена до Министерство за економија – Сектор за минерални суровини на ден 31.12.2012 година. Основна дејност на „АД Индустрија за градежни материјали Еленица Струмица" е производство на цигли, ќерамиди и производи од печена глина така што концесијата ќе биде користена за сопствено производство. Според податоците од Централен регистар на РСМ, овластено лице е Трајче Заев, и каде како членови на надзорниот и управниот одбор се блиски лица на премиерот. Барањето за концесија за детални геолошки истражувања се бара за период од шест месеци. Поради стапување во сила на новиот Закон за минерални суровини Службен весник 136/12,постапката е пролонгирана и ново барање за детални геолошки истражувања е доставено на ден 22.07.2013 година, по извршениот теренски увид, согласно член 14 од Законот за минерални суровини , МЕ доставено барање мислење до сите надлежни државни органи за добивање мислење дека истражувањата нема да влијаат врз водите, животната средина, патната мрежа, културно богатство, флора и фауна ..., урбанистичките планови и слично. По добиените позитивни одговори, до Генералниот секретаријат на Влада доставена е Информација број 24-2691/1 од 09.04.2015 со предлог-одлуки за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на седум локации вклучувајќи ја и локацијата во с. Дукатино. Од страна на ГС на Влада до МЕ на ден 05.05.2015 доставена е **Одлука на Влада број 42-3934/1 од 05.05.2015 г за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања** за наведените локации вклучително и за локалитет с. Дукатино, потпишана од ЗП на Влада на РМ Владимир Пешевски која е објавена во Службен весник на РМ број 77/2015. Согласно член 4 од Одлуката, концесијата за детални геолошки истражувања ќе се додели на понудувачот кој ќе ги исполни условите од тендерската документација преку јавен повик. Исто така со одлуката се предвидува формирање на комисија на предлог на МЕ. На 27.05.2015 година од МЕ до ГС на Влада доставена е Информација за формирање комисија за спроведување на јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања со предлог од 20 членови: 6 од МЕ, 6 од Влада, 2 МЗШВ, 2 од МТВ, 2 од МЖСПП, 2 од МФ. Од страна на Владата на РМ донесено е решение број 42-5278/ 1 од 08.06.2015 година потпишана од претседател на ВРМ- Никола Груевски за формирање комисија со предложените

членови. На ден 02.07.2015 година, од МЕ до ГС на Влада на РМ доставена е Информација во врска со јавен повик за доделување на концесии на повеќе локации меѓу кои и за локацијата с. Дукатино, со записник од Комисијата за спроведување на постапката, јавен повик и предлог тендерска документација. На седница на Влада одржана на ден 28.07.2015 година усвоена е информацијата во врска со јавниот повик за доделување концесии за детални геолошки истражувања на повеќе локации и е одобрена тендерската документација, по што МЕ во Службен весник од 31.07.2015 година има објавен Јавен повик 9/2015 за доделување концесии за детални геолошки истражувања на повеќе локации. Како критериум за доделување на концесијата покрај исполнување на условите е највисок понуден концесиски надомест постигнат со јавно наддавање преку системот за електронска аукција www.e-koncesii.mk закажан за ден 03.09.2015 во 12.00 часот. На 23.09.2015 година до ГС на Влада на РМ од МЕ доставена е информација за извршената евалуација од спроведениот јавен повик 9/2015 со Записник број 24-4361/8 од 01.09.2015 од седницата на Комисијата за јавно отворање на понудите и со предлог одлуки за доделување концесии. Врз основа на предлогот од Комисијата и пречистени текстови на Предлог одлуките изготвени од страна на МЕ, Владата на РМ на седница одржана на ден 20.10.2015 година има донесено одлука број 42-9921/1 20.10.2015 за Избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина- глина- на ДГИ Тотал Инженеринг Дооел Струмица, за локалитет с. Дукатино во период од 2 години како единствен понудувач за локалитетот с. Дукатино. Одлуката е потпишана од ЗП на Влада на РМ Владимир Пешевски и објавена во Службен весник на РМ број 183/15. Обезбеден е доказ за уплата на концесиски надомест од страна на Тотал Инженеринг. На крај, склучен е договор за концесија за детални геолошки истражувања број 24-7138/1 од 26.11.2015 година меѓу Влада на РМ застапувана од министер за економија и Тотал Инженеринг за период од две години. На 14.11.2016 година, до МЕ доставен е елаборат за извршени детални геолошки истражувања со Ревизиска клаузула издадена од Геолошки завод на РСМ. Ова е искористено како основ за барање за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини доставено до МЕ на 06.03.2018 година. Извршен е увид на терен на ден 19.03.2018 и со записник е констатирано дека постапката за добивање концесија може да продолжи. Од страна на МЕ до Влада на РСМ доставена е комплетна документација со **предлог одлука за доделување на концесија за експлоатација на глина** на ден 23.03.2018. Владата на РСМ на ден 24.04.2018 година има донесено Одлука број 44-3499/1 потпишана од Оливер Спасовски за доделување на концесија, објавена во Службен весник на РМ 78/2018 по што со МЕ склучен е договор број 24-4050/1 од 05.07.2018. Концедентот Тотал Инжинеринг е во сопственост на Вице Заев – брат на премиерот Зоран Заев.

Според информациите кои ги добивме од МЕ, фирмата Тотал Инеженеринг има добиено концесија експлоатација на глина на локалитет Раковец, општина Чашка согласно договор број 24-4051/1 од 05.07.2018 година врз основа на претходно спроведена постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања започната во октомври 2013 година, спроведена по истите одредби на Законот за минерални суровини.

**Концесија за експлоатација на минерални суровини- глина на „АД Индустрија за градежни материјали Еленица Струмица“ на локалитет с. Раборци – општина Струмица Одлука на Влада на РСМ број 44-4146/1 од 06.10.2020 – потпишан прв заменик премиер на Влада на РСМ Артан Груби**

Постапката за добивање на оваа концесија е започната со доставување Иницијатива од АД индустрија за градежни материјали Еленица Струмица за детални геолошки истражувања на туларска глина на локалитет во с. Раборци доставена до Министерство за економија – Сектор за минерални суровини на ден 26,05.2017 година. Основна дејност на „АД Индустрија за градежни материјали Еленица Струмица“ е производство на цигли, ќерамиди и производи од печена глина така што концесијата ќе биде користена за сопствено производство. Се предлага концесијата за детални геолошки истражувања да биде за период од

шест месеци. Министерството за економија по извршениот теренски увид, согласно член 14 од Законот за минерални суровини се има обратено до сите државни органи за добивање мислење дека истражувањата нема да влијаат врз водите, животната средина, патната мрежа, културно богатство, флора и фауна ..., урбанистичките планови и слично. По добиените позитивни одговори, до Генералниот секретар на Владата на РМ, на 07.05.2018 година доставена е Информација во врска со поднесена иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања – глина- на локалитет с. Раборци со предлог- одлука. Врз основа на предлог одлуката, од страна на ГС на Влада до МЕ на ден 05.06.2018 доставена е Одлука на Влада број 44-4871/1 од 05.06.2018 за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања – глина- на локалитет с. Раборци, потпишана од ЗП на Влада на РМ Радмила Шеќеринска-Јанковска која е објавена во Службен весник на РМ број 109/2018. Согласно член 3 од Одлуката, концесијата за детални геолошки истражувања ќе се додели на понудувачот кој ќе ги исполни условите од тендерската документација. Исто така со одлуката се предвидува формирање на комисија на предлог на МЕ. На 02.07.2018 година од МЕ до ГС на Влада доставена е Информација за формирање комисија за спроведување на јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања со предлог од 20 членови: 6 од МЕ, 6 од Влада, 2 од МЗШВ, 2 од МТВ, 2 од МЖСПП, 2 од МФ. Од страна на Владата на РМ донесено е решение број 44-6582/1 од 31.07.2018 година потпишана од ЗП на ВРМ- Оливер Спасовски за формирање комисија од предложените членови. На ден 18.09.2018 година, од МЕ до ГС на Влада на РМ доставена е Информација во врска со јавен повик за доделување на концесии на повеќе локации меѓу кои и за локацијата с. Раборци, со записник од Комисијата за спроведување на постапката, јавен повик и предлог тендерска документација. На седница на Влада одржана на ден 18.09.2018 година усвоена е информацијата во врска со јавниот повик за доделување концесии за детални геолошки истражувања на повеќе локации и е одобрена тендерската документација, по што МЕ во Службен весник од 21.09.2018 година има објавен Јавен повик 7/2018 за доделување концесии за детални геолошки истражувања на повеќе локации. Како критериум за доделување на концесијата покрај исполнување на условите е највисок понуден концесиски надомест постигнат со јавно наддавање преку системот за електронска аукција www.e-koncesii.mk закажан за ден 29.10.2018 во 12.00 часот. На 29.11.2018 година до ГС на Влада на РМ од МЕ доставена е информација за извршената евалуација од спроведениот јавен повик 7/2018 со предлог одлуки како и Записник број 24-4464/14 од 26.10.2018 од седницата на Комисијата за јавно отворање на понудите. Врз основа на предлогот од Комисијата и пречистени текстови на Предлог одлуките изготвени од страна ма МЕ од 25.12.2018 година, Владата на РМ на седница одржана на ден 25.12.2018 година има донесено одлука број 44-10755/5 за Избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина- глина- на АД Еленица Струмица за локалитет с. Раборци во период од 2 години. Одлуката е потпишана од ЗП на Влада на РМ Бујар Османи. Обезбеден е доказ за уплата на концесиски надомест од страна на АД Еленица. На крај, склучен е договор за концесија за детални геолошки истражувања број 24-979/1 од 06.02.2019 година меѓу Влада на РМ застапувана од министер за економија и АД Еленица за период од две години. На 20.01.2020 година, до МЕ доставен е елаборат за извршени детални геолошки истражувања со Ревизиска клаузула издадена од Геолошки завод на РСМ. Ова е искористено како основ за барање за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини доставено до МЕ на 29.01.2020 година. Извршен е увид на терен на ден 17.02.2020 и со записник е констатирано дека постапката за добивање концесија може да продолжи. Од страна на МЕ до Влада на РСМ доставена е комплетна документација со предлог одлука за доделување на концесија за експлоатација на глина на ден 15.05.2020 со задоцнување од 75 дена поради настанатата ситуација со Ковид-19 кризата. Владата на РСМ на ден 06.10.2020 година има донесено Одлука број 44-4146/1 за доделување на концесија по што со МЕ склучен е договор број 24-6133/1 од 30.10.2020 година.

Според информациите кои ги добивме од МЕ, фирмата Еленица има добиено концесија за експлоатација на глина на истиот локалитет уште во 1997 година за период од 30 години врз основа на договор од 28.10.1997 склучен со Министерство за стопанство, кој договор во 2000 и 2008 е усогласен со Закон за минерални суровини.

Од аспект на одредбите, со Законот за спречување корупција и судир на интереси е предвидено:
**Во член 2 став 1**: „Под корупција, во смисла на овој закон, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг."
**Во член 5 став 2**: „Секој има право на слободно настапување на пазарот и на слободен натпревар, без страв дека може да биде жртва на монополско или дискриминаторско однесување".
**Во член 38**: „Доколку ДКСК утврди привилегии или дискриминација по однос на договорите за јавни набавки, дозволи, концесии и други одлуки со кои на правните лица им се признаваат права или повластици определени со закон или им се одземаат или ограничуваат таквите права или поволности, ќе побара од надлежните органи преземање на мерки и активности од нивна надлежност."

Од увидот во спроведената постапка ДКСК утврди дека при спроведување на постапката целосно се испочитувани сите законски одредби и не е обезбедена привилегија или поволност за правните лица "Еленица" и „Тотал Инжинеринг". Исто така ДКСК ги имаше во предвид одредбите и од член 52 од ЗСКСИ во однос на користење на грантови, заеми, односно финансиска помош од страна на правни лица чии основачи или сопственици се блиски лица на избрани и именувани лица, но доделување на концесија не може да се поистовети со финансиска помош или грант.

Врз основа на се претходно наведено Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 12февруари 2021 година под бр. 12-** 3695/4

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : К.Н., Член на ДКСК